# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТНИЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА СЕ ЛИЦЕТО НА ПАРТИЈАТА ШТО ВЛАДЕЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во текот на 2021 година, **28%** од граѓаните стапиле во контакт со институции или нивни претставници со цел да решат одредени општествени проблеми како индивидуалци. Според граѓаните, **градоначалникот и советниците** во општината се лицето на партијата што владее во локалната самоуправа, со најголема моќ да „завршат работа“, односно да ги решат проблемите на граѓаните. Воедно за решавање одреден општествен проблем, поверојатно е граѓаните да контактираат со **политичките партии** отколку со своите веќе **избрани претставници – пратениците.**



